Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на ДПГТУТ ЛИКО-ПРОЕКТ ДООЕЛ с. Липково, Липково УП2 09-326/23 од 10 ноември 2023 година против Известување за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-2143/1 од 17 октомври 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Известување за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-2143/1 од 17 октомври 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

ДПГТУТ ЛИКО-ПРОЕКТ ДООЕЛ с. Липково, Липково до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-326/23 од 10 ноември 2023 година против Известување за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-2143/1 од 17 октомври 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Жалителот потенцира дека на 07.09.2023 година имало прекин во испораката на електрична енергија кој траел од 11,00 до 11,30 часот. Настанати се оштетувања во трговскиот центар, паркинг просторот, гаражниот дел, опрема за систем за греење, ладење, вентилација итн.

Според Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје – дефектот е настанат како последица на скинат кабел од трети лица

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 23 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-326/23 од 10 ноември 2023 година со прилог
2. Одговор и дополнителни докази од ЕВН од 21 декември 2023 година со прилог:

-Приговараното Известување

-Барање за обесштетување

-Вешт наод и стручно мислење од областа електротехника изработен од Драгослав Миноски од 5 октомври 2023 година

-Записник од извршен увид на терен
-Извештај за прекини во високонапонска и среднонапонска дистрибутивна мрежа на КЕЦ Куманово за 07.09.2023 година

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 13 став (1) точка 2) од Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија („Службен весник на РСМ“ бр. 140/23, 169/23) (во понатамошниот текст: Правила) операторот нема обврска за плаќање на надоместокот за штета ако се утврди дека постојат основи за ослободување на операторот од одговорност на штета, односно ако штетата настанала поради дејствија на трети лица кои не се ангажирани од операторот.

Соглано членот 14 Правилата потрошувачот има право да поднесе барање до операторот за исплата на стандарден надоместок на штета во случај на ненајавен прекин во испораката на електрична енергија или во случај кога најавениот прекин ќе трае подолго отколку што е наведено во најавата за прекинот.
(2) По исклучок од став (1) од овој член, потрошувачот има право на стандарден надоместок за штета кога прекинот е најавен, а неговото времетраење во континуитет е:
1) за најмалку 12 часа подолго од времето предвидено за отстранување на причината за прекинот, утврдено во согласност со листата од став (4) од овој член, или
2) за најмалку 12 часа подолго од времето на планираниот прекин за кој потрошувачите се уредно известени според условите наведени во членот 13 став (1) точка 4) од овие Правила, или 3) подолго од 5 часа во случаите на планирани прекини за кои потрошувачите не биле
уредно известени според условите наведени во членот 13 став (1) точка 4) од овие Правила.
(3) Потрошувачот нема право на стандарден надоместок за штета во случаите наведени во членот 13 од овие Правила.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Известување, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе Управен спор во рок од 30 дена.

**УП2 бр.09–326/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**